Почитувани студенти,

БЕСТ Скопје ве поканува на новото издание на Job Fair - Саем за вработување и кариера кој се организира веќе 16 години. Истиот ќе се одржува во периодот од 2 до 13 ноември 2020 година.

Главната цел на овој саем е да ги зближи студентите со компаниите и да го олесни процесот на градење на вашата идна кариера преку остварување на оваа поврзаност. Job Fair секоја година им ја нуди можноста на студентите да присуствуваат на презентации одржани од претставници на компании, исто како и можноста да стапат во директен контакт со истите, со цел да дознаат повеќе за потребните квалификации кои се бараат на пазарот на трудот.

Оваа година за првпат организираме виртуелно издание на саемот. Самиот настан ќе вклучува презентации, работилници, вебинари и информативни состаноци за отворени работни позиции во компаниите-учеснички во текот на двете недели додека трае.

Дополнително, за таа цел беше креирана сосема нова веб страна која ќе им овозможи на студентите да оставаат нивно CV, да учествуваат на активности и да ги посетат **виртуелните штандови** на компаните.

Виртуелните штандови претставуваат посебна веб страна која е наменета за студентите да можат да ги посетат компаниите-учеснички каде што ќе можат да дознаат повеќе информации за компанијата и да дознаат што таа компанија нуди од страна на работа и пракса. На овие штандови континуирано ќе има објавување на огласи за вработување и пракса во текот на целата година.

Студентите исто така ќе можат да го **оставаат своето CV во електронска форма**, за потоа компаниите-учеснички да можат да одберат и директно да исконтактираат квалитетен кадар кој ќе придонесе во нивната работа, а воедно и во развитокот на студентот.

Се надеваме дека ќе ја искористите оваа прилика и ќе бидете дел од овогодинешниот саем за вработување и кариера - Job Fair. Ве очекуваме.

За повеќе информации посетете го нашиот Facebook настан и останете во тек со нашите профили на Facebook и Instagram

Со почит,

БЕСТ Скопје.